**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 13 – 1/2011
Загреб, 16. 02. 2012.

# З А П И С Н И К

од **12. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **16.02.2012 година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Никола Гроздановски – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Благој Штерјов – Загреб, Јагода Цветичанин – Осиек и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата, Марина Апостоловска – главна и одговорна уредничка на „Македонски глас", Орце Ламбевски – член на Надзорниот одбор на Заедницата и Благоја Мирчевски – Загреб.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, А. Митревски. Веднаш на почетокот тој објасни дека терминот на одржување на оваа седница беше два пати менуван, првиот пат поради неповолни временски прилики, а вториот пат поради закажаниот состанок во Советот за национални малцинства при Владата на РХ во врска со програмите за 2012 година. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас" и усвојување на донесените одлуки;
2. Усвојување на записникот од 11-та седница на УО;
3. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2012.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
4. Усвојување на „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2011. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
5. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
6. Усвојување на Планот и програмата на работа за 2012 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата;
7. Договор околу реализацијата на програмите во 2012 година и усвојување на донесените одлуки;

8. Донесување на одлука за датумот и местото на одржување на редовното Изборно собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
9. Разно.

**Ад. 1.** Претседателот Митревски рече дека сите материјали по оваа точка се доставени до членовите (неговиот меил до главната уредничка во врска со кратењето на неговиот интервју, барањето на О. Бојаџиски во врска со тој меил, оставката на Б. Прошев-Оливер од членството на Редакцискиот одбор, текстот на О. Бојаџиски за првиот претседател на РМ, Киро Глигоров и неговото писмо испратено по меил до членовите на УО во врска со необјавувањето на тој текст во „Македонски глас" – прилози) и ја отвори расправата.
**Забелешки:**
* М. Апостоловска – рече дека текстот од О. Бојаџиски за Глигоров не треба да се објави зашто има негативни реакции на неговата содржина, па не е добар за ова списание ниту за врските меѓу Македонија и Хрватска. Во врска со кратењето на интервјуто на Митревски, рече дека го скратила со намера само да го извлече најдоброто од него и дека смета дека прилозите од сите друштва треба да бидат подеднакво застапени во списанието.
* М. Мајиќ – изрази незадоволство од текстот од О. Бојаџиски за Глигоров и зазема став дека таков текст не треба да се објавува во нашето списание.
* Ј. Цветичанин – смета дека „Македонски глас" не е политичко гласило и дека на таков пресмел текст за Глигоров не му е место да се објавува на неговите страници. За интервјуто на Митревски изрази замерка за начинот на соработка, што посочува на недостаток на взаемна комуникација меѓу претседателот и главната уредничка.
* Н. Гроздановски – рече дека со сета почит кон Бојаџиски, Глигоров за своето дело заслужил само пофалби. За интервјуто на Митревски рече дека овде нема место за апсолутизам и владеење, туку раководење и координирање.
* Б. Штерјов – нагласи дека секогаш се апелира на соработка, но се чини дека доволна соработка нема, бидејќи проблемите постојано се повторуваат, особено оние околу објавувањето на текстовите и начинот на уредувањето на списанието.
* А. Митревски – направи споредба на обемот на текстовите на главната уредничка во последните два броја на „Македонски глас" со бројот на текстовите на останатите дописници и рече дека не е во ред таа да има најмногу потпишани текстови, за што многу пати била предупредувана.
**Предлози:**
* А. Митревски – поради сето горе речено, даде предлог М. Апостоловска да се разреши од функцијата главна и одговорна уредничка на „Македонски глас" и на таа функција да се именува некој што досега не бил уредник на списанието, како вршител на должноста до првата седница на УО на Заедницата по Изборното собрание, до кога редовно траат мандатите на членовите на Колегиумот на списанието. За в.д. главен уредник на „Македонски глас", Митревски ја предложи дописничката на МКД од Сплит, Милена Георгиевска. Како нејзин соработник го предложи Б. Мирчевски, кој веднаш се изјасни дека апсолутно е резервиран по тој предлог, бидејќи не сака да се добие погрешно мислење дека тој претендира на нечие место.

По обемната расправа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**
- Текстот од О. Бојаџиски за првиот претседател на РМ, Киро Глигоров, нема да се објави во списанието „Македонски глас";
- Се разрешува Борјана Прошев-Оливер од членството на Редакцискиот одбор од „Македонски глас" бр. 75;
- Се именува Благоја Мирчевски за член на Редакцискиот одбор од „Македонски глас" бр. 75;

- Се разрешува Марина Апостоловска од функцијата главна и одговорна уредничка на „Македонски глас“ – **со 3 (три) гласа за, 2 (два) против (Ј. Цветичанин и Н. Гроздановски) и 1 (еден) воздржан (В. Лозановски)**;
- Се именува в.д. Милена Георгиевска на функцијата главна и одговорна уредничка на „Македонски глас“ до првата седница на УО на Заедницата по Изборното собрание – **со 4 (четири) гласа за и 2 (два) против (Ј. Цветичанин и Н. Гроздановски)**.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 2.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 11-та седница (прилог).

**Ад. 3.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од друштвата од Задар, Осиек, Загреб и Сплит, и Заедницата (прилог). Друштвото од Риека својот информатор го достави на седницата. Друштвото од Пула не го достави својот информатор. Претседателот извести дека Веб страницата на Заедницата неодамна повторно профункционира и ги пофали Веб мајсторот и Е. Петровска за нејзината успешна реализација. Исто така, со пофалба на вложениот труд на Е. Петровска, спомна дека членовите имаа можност да го видат и новоуредениот ентериер на Заедницата, новиот канцелариски намештај и техничка опрема, со што Заедницата ќе има многу подобри услови за понатамошна работа.

**Ад. 4.** За годишниот финансиски извештај на Заедницата „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2011. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен и предаден во Советот за национални малцинства на РХ, заедно со Извештаите од Друштвата, како и годишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2011. godine“ кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог), на што Митревски додаде дека нашите Извештаи по изработка се за секоја пофалба и едни од ретките што Советот ги зема за пример на другите. Потоа, Митревски рече дека средствата што беа потрошени во 2011 година за Летниот камп на Шолта, а влегоа во проектот „Се запознаваме со нашето потекло“ што го финансираше МНР на РМ (за проектот беа потрошени 2.500,00 евра повеќе од планираните и со Договор осигурани средства), сѐ уште не се признаени и уплатени на Заедницата, но дека тој ќе стори сѐ што е во неговата моќ, истите да и се признаат и уплатат на Заедницата. Исто така, тој нагласи дека и оваа година поради севкупната рецесија и економска криза, се предвидува средствата од Државниот буџет на РХ да бидат нешто намалени во однос на минатата година, согласно на информациите во дописите од Советот што беа упатени до сите национални малцинства.

**Забелешки:**

* Е. Петровска – даде забелешка дека не се почитуваат одлуките и роковите за издаваштвото и дека тој проблем мора да се реши за едно правило да вреди за сите книги подеднакво, бидејќи Советот јасно вели дека не се признава пренос на програми во наредната година.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2011. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците FG-2/Informiranje, FG-3/Izdavaštvo, FG-

4/Kulturni amaterizam, FG-5/Kulturne manifestacije, FG-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари и останатите прилози;
- Монографијата на МКД „Македонија“ да излезе од печат до крајот на мандатот на претседателот на Заедницата, а доколку тоа не се реализира, да се стопира нејзиното издавање.

**Ад. 5.** Инвентурата на имотната состојба на Заедницата беше спроведена од страна на Инвентурната комисија, а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог). Петровска ги појасни предлозите за отпис на подарените, дотраените и уништените основни средства што се водат во Аналитичките конто картици и Заклучниот лист во книговодството на Заедницата (прилог) и ја образложи потребата за издавање налог за расходување и раскнижување на истите, за да се усогласат службените документи со вистинската состојба и спроведената инвентура.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**
- По предлогот на Инвентурната комисија, се извршува отпис на дел од имотот на „Порцуланка – промет“ кој не е веќе за употреба (прилог бр. 4.);
- По предлогот на Инвентурната комисија, се извршува отпис на дел од имотот на Заедницата кој не е веќе за употреба и е уништен (прилог бр. 5.);
- Да се издадат налози до фирмата која го води книговодството на Заедницата за расходување и раскнижување на подарените, дотраените и уништените основни средства (техничка опрема и уметнички слики) што се водат во службените Аналитички конто картици и Заклучниот лист на Заедницата;
- Се усвојува записникот од состанокот на Инвентурната комисија на Заедницата.

**Ад. 6.** Членовите на УО направија анализа на Планот и програмата на работа за 2012 година, подготвен според податоците пријавени во Советот за национални малцинства на РХ. Се дојде до заклучок дека некои од предадените програми се нереални во однос на овогодишниот буџет и може да се очекува да не бидат финансирани.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**
- Се усвојува Планот и програмата на работа за 2012 година.

**Ад. 7.** За плановите по оваа точка се рече дека треба да се причека до потпишувањето на овогодишниот Договор со Советот за финансирање на програмите за да се знае со кои средства ќе се располага. Митревски ги информира присутните за изложбата на ликовна колонија на скулптури од Велес, која ќе биде поставена во Сплит од 15 мај до 1 јуни, па доколку се покаже интерес, и другите друштва можат да ја преземат и поставаат во своите градови. И М. Мајиќ рече дека планира изложба на скулптури од Анета Божинова во рамките на „Деновите на македонската култура“ во Задар.

**Ад. 8.** Митревски им предложи на членовите да почнат да размислуваат за предлози за претседател на Заедницата, бидејќи тој нема повторно да се кандидира на ова Собрание. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**
- Седницата на редовното Изборно собрание на Заедницата да се одржи на 21.04.2012 година во Задар;
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и подготват Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата за 2011 година;

- За патните трошоци и дневниците на делегатите на Собранието, Заедницата ќе врши исплата по најповолната и најефтината варијанта, а за репрезентацијата секој делегат ќе донира по 30,00 кн.;
- Сите друштва навремено да доставаат до Заедницата список на свои 5 (пет) именувани делегати за Собранието;
- Во дневниот ред на Собранието да се стави точка за решавањето на статусот на членството во Заедницата на МКД „Кочо Рацин" и МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула.

**Ад. 9.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се даруваат 20 примероци од најновата книга „Македонски XIX век" на авторот Горан Калоѓера, и по 15 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 70,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 140,00 кн.; задолжените 30 книги МКД „Илинден" од Риека да ги плати или врати до Собранието;
- Се даруваат 150 примероци од најновата книга „Сјајот на скршениот кристал" на авторот Елизабета Петровска, и по 25 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 120,00 кн.;
- Почнувајќи од 01.01.2012 година, поради сè пообемната работа се зголемува исплатата за сметководствени и книговодствени услуги за Заедницата, од досегашните 1.000,00 кн. на 1.100,00 кн. месечно;
- Се одобрува Советот на МНМ за Град Загреб да информира за своите активности преку списанието „Македонски глас"; цената за 2 страници или 1 лист е 500,00 кн. без ДДВ во црно-бел, односно 900,00 кн. без ДДВ во колор печат и ќе биде исплатувана директно на печатницата по добиената сметка за секој број посебно; доколку ќе има потреба, цената за зголемен тираж ќе се одреди накнадно;
- Да се реши прашањето со неплатеното спиење на Боеми за Македонската вечер минатата година.

На крајот, Петровска им подели на присутните по една од новите книги издадени од Заедницата, „Македонски XIX век" од Горан Калоѓера и „Сјајот на скршениот кристал" од Елизабета Петровска и ДВД од одржувањето на јубилејниот „Ден на Заедницата" во Осиек. М. Мајиќ и подари на Заедницата 4 ЦД-а со документарни филмови по повод 20-годишнината од независноста на РМ, а А. Митревски 3 ЦД-а со македонска народна, забавна и детска музика од НИК „Нова Македонија". Петровска ги извести присутните за одржување промоција на „Сјајот на скршениот кристал" во Скопје на 1 март 2012 година во организација на Агенцијата за иселеништво на РМ.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот А. Митревски ја затвори седницата.
Седницата заврши во **16.30** часот.

Записничар:
Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:
Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ